

Новините со кои детето се среќава при поаѓањето во училиште, за него може да претставуваат потешкотија.

Потешкотиите во прилагодувањето можат да се изразат преку промени во однесувањето: детето станува претерано повлечено или немирно, заборавеност, плачење, стравови, одбивање да оди на училиште, постојано се жали дека нешто го боли. Можно е да се јави пореметување во апетитот, сонот, функцијата на органите за варење-па детето често се жали на болки во стомакот.

Доколку во почетокот детето одбива да се приклучи кон групата, да работи со другарите или да одговара на вашите упатства, бидете спокојни—таквото однесување во првите недели е развојно нормално.

Она што треба вие да го направите е да бидете многу трпеливи, да покажете топлина, разбирање и смиреност.




**Изготвил: Училишен педагог / наставник по информатика**

**ООУ,,Климент,, Миравци**

**Ул. "Гоце Делчев" бр. 36**

**Тел/факс.034 -229-017**

**e-mail:**

***oumiravciepiskop@yahoo.com***


ООУ"КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

***Миравци***

# За полесно прилагодување на вашето прваче

Наменето за родителите
Учебна 2015/16 год.



**Септември, 2015 година**

## Адаптацијата на детето во училиштето подразбира:

-подготвеност на детето да ги прифати новите обврски и новата средина

-подготвеност на родителот да му помогне на детето да ги прифати новите обврски и да му обезбеди услови за работа.

-подготвеност на родителот и наставникот да создадат кај детето однос на доверба кон наставникот.



Е<u>моционална зрелост</u>: детето ги контролира своите емоции (страв, паника,лутење, агресија, врескање, кикотење..)

-<u>Социјална зрелост:</u> умешност да соработува со другите деца и наставникот, односот кон задачите кои треба да ги извршува и правилата на однесување

-<u>Морална зрелост:</u> детето да поседува одреден степен на внимателност, дисциплинираност, истрајност, скромност

-<u>Интелектуална зрелост:</u> детето треба да поседува одредена способност за стекнување знаења за светот и работите околу него, да има развиен говор, мислење, помнење и внимание.

## Родителот ќе му помогне на своето прваче доколку:

-поставува различни обврски и барања согласно возраста на детето и успее да го осамостои и да создаде кај него чувство на одговорност

-на своето дете училиштето му го претстави како место во кое ќе стекнува нови знаења, нови другарчиња, а не како место каде ќе мора да го промени своето лошо однесување

-да обезбеди услови (соба или тивко работно катче) каде детето ќе ги извршува своите училишни обврски

-се грижи за правилна и навремена исхрана

-води грижа за времето потребно за одмор и спиење

-заедно со детето го планира и организира работниот ден и слободното време на детето

-секојдневно одвојува време за ,,активно,, слушање на своето дете

-покажува трпеливост, разбирање, топлина, смиреност

-јасен и доследен е во своите постапки

-го храбри, поттикнува и пофалува детето секогаш кога ќе направи нешто добро.

**Како детето ќе го прифати училиштето, неговото здраво растење низ годините, многу зависи од односот на родителот што ќе го воспостави со наставникот!**

**ЗАТОА, РАЗВИВАЈТЕ ЈА ДОВЕРБАТА НА ДЕТЕТО КОН НАСТАВНИКОТ !!!**

-Објаснете му ја на детето улогата на наставникот

-Зборувајте за наставникот убави зборови, со почитување и уважување на неговата работа, затоа што за вашето дете прваче наставникот сега е најдобар, најпаметен и најправеден човек.

-Кажете му на детето дека наставникот ќе се радува на неговиот успех и дека ќе му помага ако не умее нешто да направи

--Наставникот го учи,поучува, воспитува и постепено ја гради и развива личноста на вашето дете

-Наставникот вложува секојдневно во развојот на вашето дете, исто како и вие!

*Карта на развој на шестгодишно дете*

<u>Физички</u>

-Има добри природни способности за читање

-Ги употребува прстите како алатка

-Изгледа невнимателно, работи на брзина

-Гризе нокти, моливи, праменче од косата

-Лесно се заморува, често се разболува

<u>Социјални</u>

-Сака да биде прв

-Сака да се натпреварува

-Понекогаш измислува правила

-Бара поттикнување, - тешко поднесува неуспех

-Знае да се задева или критикува

-Лесно се вознемирува ако се повреди

-Најважни му се другарчињата

<u>Јазик</u>

-Сака да раскажува, објаснува

-Сака шеги и игри за погодување

-Гласно и храбро се искажува, или се жали

<u>Мисловни</u>

-Сака да поставува прашања,нови игри, да бои

-Сака да направи повеќе отколку што може

-Сака драмска и заедничка игра